# З А П И С Н И К

## Од 40.тата редовна седница на Советот на Општина Берово, одржана на 16.08.2012 година во салата за состаноци на Општина Берово со почеток во 09:20 часот

Седницата ја отвори и со неа раководеше Славчо Аждерски, најстариот член на Советот на Општина Берово.

Од 15 советници, на седницата присутни беа 15 советници: Емилија Шуманска, Славчо Аждерски, Славчо Буровски, Зоран Мазновски, Лилјана Полевска, Љупка Дупкарска, Владо Клинчарски, Ванчо Ременски, Горан Буровски, Ванчо Брашнарски, Љупчо Русковски, Јагода Шахпаска, Драги Белчовски, Илија Рунтевски и Јован Матеничарски.

Претседавачот со Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинството советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваа и Градоначалникот на Општина Берово Драги Наџински и Раководителот на Одделението за финансии, буџет, општински имот и администрирање на даноци Звонко Пекевски.

За работата на Советот на оваа седница, Претседавачот со Советот го предложи следниот:

**ПРЕДЛОГ-ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Записник од 39.тата седница на Советот на Општина Берово;
2. Предлог-Одлука за одобрување на долгорочно задолжување на Општина Берово;
3. Предлог-Решение за именување на членови на Советот за јавно здравје;
4. Решение за
5. Предлог-Одлука за
6. Предлог-Одлука за давање согласност за формирање на чисти паралелки од I до VIII одделение со помалку од 24 ученици во ОУ„Дедо Иљо Малешевски“ Берово со подрачните училишта за учебната 2012/2013 година;
7. Предлог-Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помалку од 25 ученици во ОСУ„Ацо Русковски“-Берово за учебната 2012/2013 година;
8. Предлог-Одлука за прифаќање на иницијатива за отпочнување на постапка за изработка на ЛУПД за изградба на мини хидроцентрала Ратево на К.П. 10086, 10202 и 11736 на КО Берово во атарот на КО Берово;
9. Предлог-Одлука за прифаќање на иницијатива за отпочнување на постапка за изработка на ЛУПД за изградба на стопански комплекс гаражи и складишта за земјоделски производи на К.П. број 2619 и 2625 КО Владимирово К.П.Берово;
10. Предлог-Програма за дополнување на Програмата за работа во област на располагање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Берово за 2012 година;
11. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Берово за 2012 година;
12. Полугодишен извештај за работа на Полициска Станица од Општа Надлежност Берово;
13. Барања од институции и граѓани.

Претседавачот со Советот отвори расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседавачот со Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување следниот дневен ред за работа на 40.тата седница:

**ДНЕВЕН РЕД**

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои гласале ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои предложениот ДНЕВЕН РЕД за работа на 40.тата седница.

**1.Усвојување на Записник од 39.та седница на Советот на Општина Берово**

Претседавачот со Советот отвори расправа по Записникот од 39.тата седница.

Советникот Јован Матеничарски даде забелешка на техничка грешка во Записникот дека е запишано во точка --- со 7 гласови за, 4 гласа против и со 4 гласови воздржани, а треба да стои 8 наместо 7.

Исто така посочи дека на последната точка, во Барања од институции и граѓани, дека седницата е прекината во 12 часот, така да со барањето од граѓаните не може да се донесе одлука, бидејќи седницата е прекината, а не затворена. Не може да се одлучи по барањето, бидејќи точката не е завршена.

Советничката Јагода Шахпаска предложи во Записникот од 39.тата седница во завршниот дел да стои како заклучок:„После долга дискусија по барањето дали тоа зависи или не зависи од усвојувањето на Предлог-Програмата за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште, советничката група на СДСМ ја напушти седницата и седницата беше прекината во 12 часот.“

Правничката Светлана Бошначка образложи дека не може да стои така бидејќи на самата седница не е донесен заклучокот. Може да стои само дека е прекината седницата. Истото тоа може да се додаде само како дополнување на Записникот.

Советникот Владо Клинчарски даде забелешка дека е наведено дека се откажал од претседателската функција на комисијата за данок и буџет, па затоа не ја свикал комисијата, а тој не е претседател на таа комисија, туку на комисијата за јавни дејности, односно посочи на техничка грешка. Исто така даде забелешка дека на страна 8 од Записникот е напишано дека изјавил „ што ќе биде со тие парцели кои веќе се изградени, односно на нив има некој % на изграденост. Затоа што некои плаќаат едни комуналии, а оние барања за легализација давачките ги подмируваат со евро од квадрат, а за некои ќе има јавно наддавање.“ Според него, тој изјавил дека додека траеше процесот на легализација, биле градени дивоградби, а не било превземено ништо, па дали сега тие ќе ги подмируваат, а не дека ги подмирувале. Според него, реченицата била лошо формулирана, тој не рекол дека едни ќе даваат евро од квадрат, а други ќе плаќаат едни комуналии.

Изјавата на советникот Владо Клинчарски, односно прашањето кон Раководителот Мишо Догазански цитирано од снимениот материјал од седницата гласи: „Уште едно прашање, гледам на некои парцели веќе има некој % на изграденост. Ние до сега немаме детален урбанистички план. Вели дека ќе има јавно наддавање. А тие парцели кои се изградени, објектите се изградени на тие парцели, дали и тие ќе се наддаваат? Инаку со легализацијата е евро квадрат, а некои сега ќе си плаќаат други комуналии. Веќе има изградено објекти, тоа се дивоградби.“

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседавачот со Советот ја затвори расправата и го стави Записникот со измените и дополнувањата од 39.тата седница на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 14 гласа ЗА, нема советници кои биле ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Записникот од 39.тата седница на Советот на Општина Берово.

Од гласањето беше отсутен советникот Ванчо Брашнарски.

**2.Предлог-Одлука за одобрување на долгорочно задолжување на Општина Берово**

Претседавачот со Советот отвори расправа по Предлог-Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Берово.

Збор зеде советничката Лилјана Полевска, која го изнесе ставот на советничката група на СДСМ дека тие се против задолжувањето, бидејќи на трибината Градоначалникот се повикал на седницата одржана на 15.03.2012 година, дека веќе е донесена одлука за долгорочно задолжување. Таа надополни дека на таа седница не присуствувале, така да одлуката е донесена со мнозинство од 8 советници, од кои на 2 на самата седница им бил верификуван мандатот. Исто така, продолжи дека во член 2 стои дека постапката се започнува со цел да се обезбедат средства за реализација на влезот во с.Русиново и „Прохор Пчински“. Сега веќе има задолжување за 7 улици, а исто така и корекција на сумата од 20 на 24 милиони денари. Спред неа, задолжувањето не е желба само на актуелниот Градоначалник, бидејќи и претходниците сакале да се задолжат, а долгот останува на Градоначалниците и после 3-4 мандати да ги враќаат средствата. Конкретно за улицата „Прохор Пчински“ на дебатата некој изјавил дека и Премиерот имал ветување, а ние не треба со кредит да ги подмируваме ветувањата на Премиерот, бидејќи тоа не се големи средства во споредба со она што е направено и инвестирано во државата, а посебно во Градот Скопје, па така да, ако е ветување, нека биде остварено од страна на оној што ветил-Владата на РМ.

Советникот Јован Матеничарски се надоврза дека задолжувањето се однесува на 7 улици, исто така појасни дека како што кажала нивната координаторка, тие не се против градењето на улици, меѓутоа, доколку сите претходни Градоначалници земеле кредит да градат улици, досега не знаат до каде ќе било Берово. Не се само тие 7 улици неизградени, во Берово има многу такви улици и ќе се стават во нерамноправна положба граѓаните кои живеат на тие неизградени улици. Во тоа, според него, требало да помогне централната власт, бидејќи Градоначалникот е од иста страна. Или Општината да направи програми па да се добијат средства од донации.

Претседавачот Славчо Аждерски надополни дека позади овие средства всушност стои Владата и таа е гарант за средствата, така да Општината без да биде гарант Владата никако не може да дојде до овие средства.

Советничката Јагода Шахпаска праша штом е гарант Владата, кој ќе ги враќа парите. Таа постави прашање до Градоначалникот, зошто барањето за задолжување на Општината почнува сега да се реализира, зошто ова не било предложено на почетокот на неговиот мандат за да отпочне реализацијата или да бидат завршени тие улици, туку при крајот на мандатот. Дали сето ова не е уште една популистичка мерка која треба да му донесе поени на претстојните избори. Кога би биле поканети на тој собир граѓани од пошироко, не само граѓаните кои живеат на тие улици, дали ќе бил ист впечатокот и дали ќе се добиела иста слика на таа промоција на проектот за долгорочно задолжување, бидејќи кога би биле присутни и граѓани од други улици, сигурно нема да помине така глатко расправата. Таа се надополни дека смета дека се работи пак за една популистичка мерка, да се добијат средства пред избори, да се излезе пред граѓаните дека тој е за градење, а тие како советничка група не се. Советничката побара цитирано во Записник да стои: „СДСМ не е против градење на улици, тие се изричито против задолжување на Општината.“

Градоначалникот зеде збор. Тој објасни дека во почетокот не покренал постапка за задолжување , дополнувајќи дека не се работи за задолжување, туку за позајмување на средства од Владата на РМ со поволни услови, а зад нив стои Владата на РМ. На почетокот не го направил тоа бидејќи Општината од нивните претходници имала долг од 10 000 000 денари. Таа сума го ставила во размислување дали треба повторно да се прави постапка за позајмување. Благодарение на форумите во заедниците, учеството преку УСАИД и УНДП и финансиската поддршка од страна на Агенцијата за поддршка на руралниот развој, беше овозможено за да може да се гради и да се изгради. Тоа што е изградено е преку проекти, не се задолжил ни за реконструкцијата на Партизан, не се задолжил ни за кејот на река Брегалница. Градоначалникот постави прашање до советничката Јагода Шахпаска, зошто тие претходно ја задолжиле општината од 10 000 000 денари, а велат дека се за градење на улици и кога веќе биле за градење на улици, кои улици ги изградиле, нивните претходници од СДСМ, па сега зборува за популизам. И ако тие ги сметаат граѓаните од Ромското маало за граѓани од втор ред, или дека граѓаните на улиците „29-ти Ноември“, „Гоце Делчев“, „23-ти Август“ се должни да пијат вода од азбестни цефки и се должни да си ги кршат колите, им даде до знаење дека грешат. Правилно е оценето дека тие улици треба да бидат направени, благодарение на посетата на Месните заедници и на Урбаните заедници, на кои и тие како советничка група требало да бидат присутни, а не оделе, оценето е од страна на граѓаните дека тие улици се најруинирани. Не се работи за кредит, како што велат тие, туку за финансирање на инфраструктура од страна на Владата, за кое нема камата и после завршувањето на проектот, тие даваат грант од 10%. Не се работи за кредит. Во почетокот не го побарал тоа, бидејќи имал средства и морал тие 10 000 000 да ги враќа, а и се уште е во прашање дали ќе го добијат предметот за регионалниот водовод или ќе изгубат 60 000 000 благодарение на Таковски, тој морал да води сметка за да ги реализра тековните работи во Општината. Надополни дека треба да се градат улиците во Берово. Тој не размислува за популизам, туку размислува за тоа дека улици на граѓаните во Берово и Општината им се потребни. Дали ветил Груевски или не, тој сигурно знаел дека ќе има финансиски конструкции кои нема да ја оптеретуваат Општината и граѓаните. Ќе имаме обврска после 13 години да ги вратиме тие средства, но наредните Градоначалници нема да имаат обврска да ги градат тие улици.

Бидејќи никој друг не побара збор, Предлог-Одлуката за одобрување на долгорочно задолжување беше ставена на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 8 гласа ЗА, нема советници кои биле ВОЗДРЖАНИ, 7 ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот ја усвои Предлог-Одлуката за одобрување на долгорочно задолжување.

**3.Предлог-Решение за именување на членови на Советот за јавно здравје**

Претседавачот со Советот отвори расправа по третата точка од дневниот ред.

Мандатната комисија побара кратка пауза за консултации.

Советникот Ванчо Ременски, како претседател на Мандатната комисија, ги предложи како членови на Советот за јавно здравје лицата: Емилија Шуманска, Миропка Чучурска, Наташа Чангулска, Наташа Аврамска и Ванчо Димовски.

Предлогот беше ставен на гласање.

Од присутните 15 советници, со 10 гласа ЗА, 5 гласови ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Предлог-Решението за именување на членови на Советот на јавно здравје.

**4.Решение за избор на командир на ПС од ОН Берово**

Претседавачот со Советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Советникот Зоран Мазновски, како координатор на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ, предложи на Советот како кандидат да го поддржат Горан Тасевски.

Советничката Лилјана Полевска како координатор на советничката група на СДСМ побара 10 минутна пауза, после која се изјасни дека став на нивната група е да го поддржат Горан Тасевски.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, предлогот беше ставен на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои гласале ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го избра Горан Тасевски за командир на ПС од ОН-Берово.

**5.Предлог-Одлука за преотстапување на објект колекторски систем во с.Митрашници втора фаза на ЈПКР „Услуга“-Берово**

Претседавачот со Советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Предлог-Одлуката беше ставена на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 14 гласа ЗА, 1 ВОЗДРЖАН, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот ја усвои Предлог-Одлуката за преотстапување на објект колекторски систем во с.Митрашинци втора фаза на ЈПКР „Услуга“-Берово.

**6.Предлог-Одлука за давање согласност за формирање на чисти паралелки од I до VIII одделение со помалку од 24 ученици во ОУ„Дедо Иљо Малешевски“ Берово со подрачните училишта за учебната 2012/2013 година**

Претседавачот со Советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Советничката Јагода Шахпаска праша зошто во трето одделение ќе се формираат 4 паралелки од 65 ученици, а во четврто одделение три паралелки од 70 ученици, бидејќи е нелогично според бројката.

Градоначалникот Драги Наџински објасни дека така се останати, затечени се толку.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Предлог-Одлуката давање согласност за формирање на чисти паралелки од I до VIII одделение со помалку од 24 ученици во ОУ„Дедо Иљо Малешевски“ Берово со подрачните училишта за учебната 2012/2013 година беше ставена на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 9 гласа ЗА, 5 ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, еден присутен советник кој не гласал, бидејќи нема право на глас-советничката Лилјана Полевска, Советот ја усвои Предлог-Одлуката за давање согласност за формирање на чисти паралелки од I до VIII одделение со помалку од 24 ученици во ОУ„Дедо Иљо Малешевски“ Берово со подрачните училишта за учебната 2012/2013 година.

**7.Предлог-Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помалку од 25 ученици во ОСУ„Ацо Русковски“-Берово за учебната 2012/2013 година**

Претседавачот со Советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

Советникот Јован Матеничарски го праша Градоначалникот, бидејќи за прва година нема колку ученици се запишани, тоа е само претпоставка дека ќе има 111 ученици, дали не се помалку ученици од ланската година. Тој се повика на забелешката на директорот на ОСУ.

Градоначалникот Драги Наџински образложи дека е точна бројката од 111, претпоставка е дека ќе има уште ученици во вториот уписен рок. Тоа значи дека очекуваат поголем број на запишани ученици, а не помалку од лани. Четири паралелки се од гимназија, а две се стручни паралелки.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Предлог-Одлуката за давање согласност за формирање на паралелки со помалку од 25 ученици во ОСУ„Ацо Русковски“-Берово за учебната 2012/2013 година беше ставена на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 8 гласа ЗА, 6 ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, еден присутен советник кој не гласал, бидејќи нема право на глас-советничката Лилјана Полевска, Советот ја усвои Предлог-Одлуката за давање согласност за формирање на паралелки со помалку од 25 ученици во ОСУ„Ацо Русковски“-Берово за учебната 2012/2013 година.

**8. Предлог-Одлука за прифаќање на иницијатива за отпочнување на постапка за изработка на ЛУПД за изградба на мини хидроцентрала Ратево на К.П. 10086, 10202 и 11706 на КО Берово во атарот на КО Берово**

Претседавачот со Советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред.

Градоначалникот Драги Наџински објасни дека се работи за катастерска парцела на која треба да се изгради хидроцентралата, а тие катастерски парцели не влегуваат во ДУП на туристичката населба Беровско Езеро. За да се издаде одобрение на фирмата која го добила тендерот за изградба на хидроцентралата е потребно тие да си го уредат просторот, односно да го урбанизираат со локално урбанистичка планска документација, сметајќи дека е тоа пократок пат за одобрение, за да не се прави проширување на ДУП, бидејќи е подолга процедура, во корист на изградбата на хидроцентралата.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Предлог-Одлуката за прифаќање на иницијатива за отпочнување на постапка за изработка на ЛУПД за изградба на мини хидроцентрала Ратево на К.П. 10086, 10202 и 11706 на КО Берово во атарот на КО Берово беше ставена на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои биле ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот ја усвои Предлог-Одлуката за прифаќање на иницијатива за отпочнување на постапка за изработка на ЛУПД за изградба на мини хидроцентрала Ратево на К.П. 10086, 10202 и 11736 на КО Берово во атарот на КО Берово.

**9.Предлог-Одлука за прифаќање на иницијатива за отпочнување на постапка за изработка на ЛУПД за изградба на стопански комплекс гаражи и складишта за земјоделски производи на К.П. 2619 и 2625 КО Владимирово К.П. Берово**

Претседавачот со Советот отвори расправа по точка 9 од дневниот ред.

Советникот Славчо Буровски појасни дека се работи за објект на дистрибутерите на САНО соковите.

Бидејќи никој не се јави за збор, Предлог-Одлуката за прифаќање на иницијатива за отпочнување на постапка за изработка на ЛУПД за изградба на стопански комплекс гаражи и складишта за земјоделски производи на К.П. 2619 и 2625 КО Владимирово К.П. Берово беше ставена на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои биле ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот ја усвои Предлог-Одлуката за прифаќање на иницијатива за отпочнување на постапка за изработка на

ЛУПД за изградба на стопански комплекс гаражи и складишта за земјоделски производи на К.П. 2619 и 2625 КО Владимирово К.П. Берово.

**10. Предлог-Програма за дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Берово за 2012 година**

Претседавачот отвори расправа по точка 10 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Предлог-Програмата за дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Берово за 2012 година беше ставена на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 8 гласа ЗА, 7 ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот ја усвои Предлог-Програмата за дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Берово за 2012 година.

**11. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Берово за 2012 година**

Претседавачот отвори расправа по точка 11 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Предлог-Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Берово за 2012 година беше ставена на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 8 гласа ЗА, 3 ВОЗДРЖАНИ, 4 ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот ја усвои Предлог-Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Берово за 2012 година.

**12.Полугодишен извештај на ПС од ОН-Берово**

Претседавачот отвори расправа по точка 12 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, извештајот беше ставен на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои биле ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Извештајот за работа на ПС од ОН-Берово.

**13.Барања од институции и граѓани**

***Барање од Христо Стојчовски-с.Двориште за парична помош***

Советникот Зоран Мазновски се изјасни дека барањето целосно, ја имаат доставено комплетната документација. Советничката Лилјана Полевска праша кој ќе одреди колкава сума да додели Советот, а претседавачот предложи бидејќи се работи за поголема штета,  да му доделат 10 000 денари.

Предлогот беше ставен на усвојување и истиот беше усвоен со 14 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН.

***Барање од МПЦ***

Советничката Лилјана Полевска се изјасни дека не е прв пат да бараат помош, а тие донеле одлука да се подмируваат трошоците од средствата за јавно осветлување.

Градоначалникот Драги Наџински се надоврза дека бидејќи се работи за манастирот, во кој се обавуваат и некои економски операции, каде ја користат електричната енергија како енергенс, тој предложи да ги насочат од МПЦ да поднесат барање до ЕВН кец Делчево, да ги оддвојат броилата, за нив во конакот да си плаќаат за тој дел, а за останатиот дел, кој е како улично осветлување и околу комплексот, да го плаќаат од јавното осветлување, односно, во конакот да стават посебно броило, кое МПЦ ќе си го подмируваат, а останатиот дел ќе го превземе Општина Берово.

***Решение со наредба***

Дадено е задолжение на ЈПКР „Услуга"-Берово да врши редовно хлорирање на водата, а се одлучи да се испрати известување до Шумска Полиција да вршат почесто зачестени контроли на зафатот кај што се врши сеча, за да не се загадува дополнително локацијата.

***Извештај од ЈПКР „Услуга"-Берово***

***Известување од Емилија Чибанска***

Во врска со известувањето, беше повикан Раководителот на Одделението за финансии, буџет, општински имот и администрирање на даноци Звонко Пекевски. Тој објасни дека средствата се одобрени од страна на Советот, донесено е решение во 2011 година, а бидејќи во 2011 година немало финансиски средства, истите останувааt да се реализираат тековно во 2012 година, доколку има средства во буџетот за таква намена.

**Бр.**
**--.--.2012 година**
**Берово**

| | |
|---|---|
| **Записничар** | **Претседавач со Совет** |
| **Зорица Ризовска** | **Славчо Аждерски** |
| **---------------------------** | **---------------------------** |
| **(потпис)** | **(потпис)** |